**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2023/217 НА КОМИСИЈАТА**

**од 1 февруари 2023 година**

**за корекција на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 во врска со одредени недоследности во барањата воведени со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/1387 и Регулативите (ЕУ) 2021/1296 и (ЕУ) 2021/2237**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено од член 31 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/2237([2]) на Комисијата ја измени и дополни точката ORO.FC.146 од Анекс III (Дел-ORO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012([3]) на Комисијата. Упатувањето од точката ORO.FC.146(ѓ)(2) кон точката ORO.FC.005(б)(2) треба да се замени со упатување кон точката ORO.FC.005(б)(1), што е точка релевантна за операциите на авион.

(2) При изменување и дополнување на точките CAT.POL.A.203 и CAT.POL.A.235 од Анекс IV (Дел-CAT) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012, Регулативата за спроведување на (ЕУ) 2019/1387([4]) на Комисијата воведе грешка во врска со испраќањето на авионите. Барањата од точките CAT.POL.A.203(д) и од точката CAT.POL.A.235(д) треба да се применуваат кумулативно, а не алтернативно.

---

(1) Сл. весник. L 212, 22.8.2018 год., стр. 1.

(2) Регулатива за Спроведување (ЕУ) 2021/2237 на Комисијата од 15 декември 2021 година за измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 за условите за летање по сите временски услови и за обука и проверка на летачкиот екипаж ((Сл. весник бр. L 450, 16.12.2021 год, стр. 21.).

(3) Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата од 5 октомври 2012 година за утврдување на техничките барања и административните постапки во врска со воздушните операции во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник. L 296, 25.10.2012 година, стр. 1).

(4) Регулатива за Спроведување (ЕУ) бр. 2019/1387 на Комисијата од 1 август 2019 година за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 во однос на условите за пресметување на перформансот на авионот при слетување и стандардите за проценка на состојбата на површината на полетно – слетната патека, како и за новините во однос на одредена опрема за безбедност на воздухопловот и за условите и операциите кои не поседуваат оперативно одобрение за операции со продолжен долет (Сл. весник. L 229, 5.9.2019 година, стр. 1).

(3) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/1296([5]) на Комисијата воведе промени во точката CAT.OP.MPA.150 од Анекс IV (Дел-CAT) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата. Овие промени ненамерно не беа придружени со последователни измени и дополнувања во точките CAT.POL.A.215. и CAT.POL.A.415 од тој Анекс. Како резултат на тоа, релевантната правна референца е неточна и таа грешка треба да се коригира.

(4) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/1296 исто така ја измени и дополни и точката SPO.POL.110 од Анекс VIII (Дел-SPO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 со замена на точките (а), (б) и (в) од таа точка. Меѓутоа, амандманот исто така ги избриша и поранешните точки (г) и (д), што не беше намерата. Затоа, поранешните точки (г) и (д) од точката SPO.POL.110 треба повторно да се воведат со сила од датумот на примена на Регулативата (ЕУ) 2021/1296, односно од 30 октомври 2022 година.

(5) Затоа Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 треба соодветно да се коригира.

(6) Барањата утврдени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот за примена на заедничките безбедносни правила во областа на цивилното воздухопловство,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Анексите III (Дел-ORO), IV (Дел-CAT) и VIII (Дел-SPO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 се коригираат согласно Анексот на оваа регулатива.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Точката 3 од Анексот се применува од 30 октомври 2022 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 3 февруари 2023 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------

([5]) Регулатива за Спроведување (ЕУ) 2021/1296 на Комисијата од 4 август 2021 година за измена, дополнување и исправка на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 за условите за планирање и управување со гориво/енергија, и во однос на барањата од програмите за поддршка и психолошката проценка на летачкиот екипаж, како и тестирање за психоактивни супстанци (Сл. весник. L 229, 5.8.2021 година, стр. 1).

*АНЕКС*

Анексите III, IV и VIII од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 се коригираат како што следува:

(1) во точка ORO.FC.146(ѓ) од Анекс III (Дел-ORO), точката (2) се заменува како што следува:

„ (2) CAT операции за авиони кои ги исполнуваат критериумите дефинирани во точката ORO.FC.005(б)(1).“;

(2) Анекс IV (Дел-CAT) се коригира на следниов начин:

(а) во точка CAT.POL.A.215(в), точката (3) се заменува како што следува:

„(3) дозволено е испуштањето на гориво за време на летот, до количество што е доволно за да се стигне до аеродромот каде авионот се претпоставува дека ќе слета по отказ на моторот со потребните резерви на гориво во согласност со точката CAT.OP.MPA.181, како што е соодветно за алтернативен аеродром, ако се користи безбедносна процедура;“;

(б) во точка CAT.POL.A.230, точката (д) се заменува како што следува:

„(д) За подготовка на летот, авионот:

(1) слетува на најсоодветната полетно – слетната патека без ветар; и

(2) слетува на полетно – слетната патека, која ќе биде одредена, земајќи ја предвид можната насока и брзина на ветрот, карактеристиките на управување со авионот на земја, како и други услови, како што се средствата за слетување и теренот.“;

(в) во точка CAT.POL.A.235, точката (д) се заменува како што следува:

„(д) За подготовка на летот, авионот:

(1) слетува на најсоодветната полетно – слетната патека без ветар; и

(2) слетува на полетно – слетната патека, која ќе биде одредена, земајќи ја предвид можната насока и брзина на ветрот, карактеристиките на управување со авионот на земја, како и други услови, како што се средствата за слетување и теренот.“;

(г) во точка CAT.POL.A.415, точката (д) се заменува како што следува:

„(3) Дозволено е испуштањето на гориво за време на летот, до количество што е доволно за да се стигне до аеродромот каде авионот се претпоставува дека ќе слета по отказ на моторот со потребните резерви на гориво во согласност со точката CAT.OP.MPA.181, како што е соодветно за алтернативен аеродром, ако се користи безбедносна процедура;“;

(3) во точка SPO.POL.110 од Анекс VIII (Дел-SPO) се додаваат следните точки (г) и (д):

"(г) водачот на воздухопловот го гарантира следново:

(1) товарењето на воздухопловите се врши под надзор на квалификуван персонал;

(2) товарот што се превезува е во согласност со податоците за пресметување на масата и рамнотежата на воздухопловот.

(д) Во оперативниот прирачник, операторот ги специфицира принципите и методите поврзани со товарењето и системот за маса и рамнотежа, кои се во согласност со барањата од точките (а) до (г). Овој систем мора да ги вклучува сите видови планирани операции“.